*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
*www.mrt.com.mk*

# Д Е Л О В Н И К
# ЗА РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ
# НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

*Скопје, август 2025 година*

Врз основа на Член 124, став 1, алинеа 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Член 37, став 1, алинеа 3 од Статутот на ЈРП, Програмскиот совет на Македонската радио телевизија на 7-та седница одржана на 18.08.2025 година, донесе

# Д Е Л О В Н И К
# ЗА РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ
# НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Деловник се уредува начинот на работа и одлучување на Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио телевизија (во натамошниот текст – Програмскиот совет), а особено:

- конституирањето и постапката за избор и отповикување на Претседател и на Заменик на претседателот на Програмскиот совет;
- начинот на работа и донесување на одлуките на Програмскиот совет;
- водење на седниците и актите што ги донесува Програмскиот совет;
- транспарентност во работењето на Програмскиот совет;
- отчетност на Програмскиот совет;
- права и обврски на членовите на Програмскиот совет и
- акти на Програмскиот совет.

### Член 2

Програмскиот совет одлучува за сите прашања што се во негова надлежност во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот и другите акти на МРТ.

### Член 3

Седниците на Програмскиот совет се јавни, доколку Програмскиот совет не одлучи одделни седници да бидат затворени за јавноста, во согласност со Закон, подзаконски акт или кога ќе го одлучи тоа Програмскиот совет со мнозинството свои членови. По одржувањето на затворената седница, Програмскиот совет на МРТ ќе ги соопшти своите ставови и заклучоци.

### Член 4

Претседателот го претставува Програмскиот совет.

Заменикот на претседателот на Програмскиот совет во отсуство на Претседателот ги врши сите работи што ќе му ги довери Претседателот на Програмскиот совет.

## II. КОНСТИТУИРАЊЕ И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И НА ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ

### Член 5

Конституирање на Програмскиот совет се врши на првата седница на Програмскиот совет.

Конститутивната седница ја свикува Директорот на МРТ во рок од 30 (триесет) дена од објавувањето на одлуката за избор на Програмскиот совет во Службен весник на Република Северна Македонија.

### Член 6

До изборот на Претседател, со Програмскиот совет раководи најстариот присутен член на Програмскиот совет.

Конститутивната седница може да се одржи доколку на неа присуствуваат 2/3 од вкупниот број членови на Програмскиот совет.

### Член 7

Секој член на Програмскиот совет може да предложи по еден член за Претседател и за Заменик на претседателот.

Предложениот кандидат може да ја одбие кандидатурата без да ги соопшти причините.

Кандидатите кои не ја одбиле кандидатурата се сметаат за утврдени кандидати.

### Член 8

Претседавачот со седницата ги става на гласање предложените и утврдени кандидати по редоследот по кој се предложени.

Секој член на Програмскиот совет може да гласа само за еден од предложените кандидати.

Гласањето се врши јавно со кревање рака, поединечно за секој кандидат.

За избран се смета кандидатот кој добил најголем број гласови.

Доколку двајца или повеќе кандидати добијат ист број гласови, гласањето се повторува за оние кандидати кои добиле најголем број гласови.

Ако и на повтореното гласање ниту еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство гласови, постапката за избор на претседател на Програмскиот совет се повторува.

### Член 9

Претседателот на Програмскиот совет, односно неговиот заменик, може да биде разрешен по негово барање или со одлука на мнозинство членови од вкупниот број членови на Програмскиот совет.

## III. НАЧИН НА РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ

### Член 10

Работите од својата надлежност Програмскиот совет ги врши на седници.

Седниците на Програмскиот совет се одржуваат најмалку еднаш во 3 (три) месеци доколку се присутни најмалку 9 (девет) негови члена.

### Член 11

Седницата ја свикува и со неа раководи Претседателот на Програмскиот совет.

Во отсуство на Претседателот, седницата ја свикува и со неа раководи Заменикот на претседателот на Програмскиот совет.

Претседателот го предлага дневниот ред за работа на Програмскиот совет.

Поради зголемениот обем на работа, Претседателот на Програмскиот совет има право на надомест во износ од 3.000 денари, а Заменикот на претседателот на Програмскиот совет има право на надомест во износ од 2.000 денари, по завршена седница, односно по исцрпувањето на дневниот ред утврден за таа седница.

### Член 12

Претседателот на Програмскиот совет ги свикува седниците:

- по предлог на Претседателот или на Заменикот на претседателот на Програмскиот совет;
- по барање на најмалку 5 (пет) члена на Програмскиот совет, поднесено по електронски пат на официјалната електронска пошта на МРТ;
- по барање на Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ;
- по барање на Директорот на МРТ.

Претседателот или Заменикот на претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја свикува седницата на Програмскиот совет на МРТ во рок кој не може да биде подолг од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето за свикување седница.

**Член 13**

Поканата за седница на Програмскиот совет на МРТ ги содржи следниве податоци:

1) Називот и седиштето;
2) местото и датумот на одржување на седницата;
3) другите процедурални формалности, пропишани со Статутот, што се од значење за присуството на седница на Програмскиот совет на МРТ;
4) дневниот ред според кој ќе работи Програмскиот совет и
5) начинот на кој се достапни материјалите што се подготвени за седницата на Програмскиот совет на МРТ.

Материјалите мора да бидат достапни до членовите на Програмскиот совет од денот на испраќањето на поканата, најдоцна до денот на одржување на седницата.

**Член 14**

Поканата им се доставува на сите членови на Програмскиот совет по пат на електронска пошта, најмалку 3 (три) дена пред денот одреден за одржување на седницата.

Со поканата се доставуваат материјалите што ќе се разгледуваат на седницата со предлог-одлуки и предлог-записник од претходната седница.

Во итни случаи, Претседателот може да свика седница во пократок рок од 3 (три) дена, а дневниот ред да биде предложен најмалку 24 часа пред одржување на седницата.

**Член 15**

Известување, односно доставување материјал и други информации од МРТ до членовите на Програмскиот совет на МРТ може да биде извршено со препорачана пратка или со електронска пошта.

Електронската комуникација, односно размената на информации по пат на електронска пошта, се смета за единствен официјален начин на координација и усогласување на ставовите меѓу членовите на Програмскиот совет надвор од редовните седници, со цел навремено и ефикасно исполнување на законските обврски на Програмскиот совет.

**Член 16**

Програмскиот совет на МРТ може да одлучи само по прашања кои се уредно ставени на дневен ред.

Секој член на Програмскиот совет може да предложи изменување и дополнување на дневниот ред, со предлог на седницата да се расправа за одделно прашање, со образложение за итноста од решавање, и потоа предлогот да биде ставен на гласање.

**Член 17**

Седниците на Програмскиот совет се одржуваат со физичко присуство на членовите.

По исклучок и со претходна најава и дадено образложение, дел од членовите може да учествуваат на седница со користење видеоконференциска платформа (онлајн).

Доколку не постои можност за одржување на седницата со физичко присуство, во посебни случаи или вонредни околности (пандемија, елементарна непогода и сл.), седниците на Програмскиот совет се одржуваат со користење видеоконференциска платформа (онлајн).

Програмскиот совет на МРТ може да работи ако на седницата присуствуваат најмалку 9 (девет) члена на Програмскиот совет.

Доколку на седницата на Програмскиот совет на МРТ не се обезбеди кворумот од став 4 на овој член, Програмскиот совет на МРТ не може да почне да работи. Новиот термин за одржување на седницата на Програмскиот совет на МРТ се закажува на начин на којшто е закажана седницата на Програмскиот совет на МРТ на која немало кворум за работа во рок од најмногу 7 (седум) дена.

**Член 18**

На седниците на Програмскиот совет без право на одлучување, учествува Претседателот или Заменикот на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ и Директорот или Заменикот на директорот на МРТ.

На седниците на Програмскиот совет, по покана на Претседателот на Програмскиот совет, можат да присуствуваат и други раководни лица вработени во МРТ, како и стручни и други лица, особено кога на дневен ред се наоѓаат прашања од одделна област.

**Член 19**

Седницата ја отвора Претседателот на Програмскиот совет кој утврдува дали има мнозинство членови потребни за полноважно одлучување.

По утврдување на потребниот кворум за работа, по предлог на Претседателот со гласање се утврдува дневниот ред.

**Член 20**

По утврдување на дневниот ред, Програмскиот совет го усвојува предлог-записникот од претходната седница.

Записникот се смета за усвоен доколку не се ставени забелешки, односно доколку извршените измени и дополнувања се прифатени со мнозинство гласови од присутниот број членови на Програмскиот совет.

**Член 21**

Материјалите по точките од дневниот ред по потреба ги образложува Директорот на МРТ, друго раководно лице во МРТ или лице вработено во МРТ и задолжено од непосредниот раководител.

**Член 22**

За предлог-одлуките и заклучоците, Програмскиот совет одлучува со гласање.

При одлучувањето, првин се гласа за предлог-одлуките кои се доставени со материјалите за седницата, а потоа за предлозите дадени на самата седница.

**Член 23**

Програмскиот совет одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови присутни на седницата.

За одделни прашања утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, Програмскиот совет одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број

членови на Програмскиот совет, во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

**Член 24**

Гласањето на седниците е јавно, со кревање рака или со поединечно изјаснување по пат на прозивка, по име и презиме.

Гласањето се врши со определување на секој член „за“ или „против“ одлуката, при што се утврдува и бројот на членовите кои се воздржале од гласање.

За одделни прашања, Програмскиот совет може да одлучи да се гласа тајно, со гласачки ливчиња.

Тајното гласање го спроведува и ги утврдува резултатите трichlena комисија избрана од членовите на Програмскиот совет. Комисијата му ги предава резултатите од гласањето на Претседателот на Програмскиот совет во затворен плик.

Претседателот јавно ги соопштува гласовите пред присутните. Ливчињата од гласањето се чуваат во архивата на Програмскиот совет.

**Член 25**

По завршување на гласањето, Претседателот ги утврдува резултатите од гласањето и објавува каква одлука е донесена и по правило ја формулира содржината на донесената одлука.

**Член 26**

Седницата на Програмскиот совет може да се одложи:

- ако по отворањето на седницата се констатира дека нема доволен број присутни за полноважно одлучување, и во тој случај одложената седница се презакажува во рок од 7 (седум) дена од денот на одложувањето на седницата;
- кога ќе настапат такви околности што го оневозможуваат одржувањето на седницата во закажаниот ден.

**Член 27**

Седницата на Програмскиот совет се прекинува:

- кога во текот на седницата бројот на присутните се намали под потребниот број за полноважно работење;
- кога поради должината на дневниот ред, истата не може да заврши истиот ден;
- за одмор во текот на седницата;
- кога Претседателот ќе оцени дека околностите не обезбедуваат услови за продолжување на седницата;
- Седницата ја прекинува Претседателот и утврдува кога ќе продолжи истата.

**Член 28**

Доколку дојде до прекин на седница на Програмскиот совет што веќе почнала да работи, присутните членови на Програмскиот совет може да одлучат седницата да продолжи да работи во време, место и начин што се определуваат со мнозинство гласови од кворумот за работа на Програмскиот совет (продолжување на прекината седница на Програмскиот совет).

Доколку дојде до прекин на седница на Програмскиот совет што почнала да работи, а Програмскиот совет не донел одлука за продолжување на работата, во согласност со став 1 од овој член, претседавачот со Програмскиот совет  на МРТ ги определува времето, местото и начинот на продолжување на прекинатата седница на Програмскиот совет.

Доколку на продолжената седница на Програмскиот совет нема кворум за работа или седницата не се одржи во зададениот рок од став 1 на овој член, се закажува нова седница на Програмскиот совет во согласност со условите, начинот и постапката определена со закон и со овој Деловник.

**Член 29**

Одлуките донесени на седницата на Програмскиот совет што е прекината, се сметаат за полноважни, без разлика дали седницата ќе продолжи да работи или не.

**Член 30**

Продолжувањето на седницата го закажува Претседателот на Програмскиот совет, најдоцна во рок од 7 (седум) дена од денот на прекинувањето, освен доколку Програмскиот совет на одлучи поинаку.

**Член 31**

Седницата се заклучува по завршување на расправата и одлучување по сите точки на дневниот ред.

**Член 32**

Членовите на Програмскиот совет и другите лица што присуствуваат на седницата се должни да се придржуваат кон пропишаниот ред на седницата.

За повреда на редот на седницата, Претседателот на Програмскиот совет може да изрече една од следниве мерки:

- опомена,
- одземање збор,
- отстранување од седницата.

Изречените мерки се внесуваат во Записникот.

**Член 33**

Опомена се изрекува доколку присутното лице со своето однесување го нарушува нормалното работење на седницата.

Одземање збор може да се изрече на присутно лице кое со своето однесување го нарушува нормалното работење на седницата, а на истата седница веќе било претходно опоменато.

Отстранување од седница се изрекува на присутно лице кое не постапува по налог на Претседателот за одземање збор или кое на друг начин го оневозможува нормалното работење на седницата.

Лицето на кое му е изречена мерката, отстранување од седница, должно е веднаш да ја напушти седницата.

**Член 34**

За текот на седницата се води записник кој задолжително содржи:

- време, место и начин на одржување на седницата;
- означување на бројот на седницата;
- имиња на присутните членови на Програмскиот совет и други присутни;

- имиња на отсутните членови на Програмскиот совет;
- констатација за потребен кворум за работа на седницата;
- заклучок за усвојување на записникот од претходната седница;
- утврдениот дневен ред на седницата;
- текот на расправата по одделни прашања, одлучувањето и донесените одлуки;
- време на заклучување или прекин на седницата;
- констатации за изречени мерки;
- потпис на записничарот и на Претседателот на Програмскиот совет .

На изрично барање на член на Програмскиот совет во Записникот може да се внесе одделно мислење, предлог или забелешка.

**Член 35**

Записникот се изготвува во согласност со Статутот на МРТ и со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Стручно-административните работи поврзани со седниците на Програмскиот совет ги врши Одделението за стручна и техничка поддршка на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ или по потреба и други лица од стручните служби на МРТ.

По усвојувањето на следната седница, Записникот го потпишува своерачно или електронски, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ и записничарот којшто потоа се заверува во Архивата на МРТ.

Дневниот ред, записниците од седниците на Програмскиот совет на МРТ, донесените одлуки, како и изјаснувањето на членовите на Програмскиот совет на МРТ при постапката за гласање за одредено прашање се објавуваат на интернет-страницата на МРТ, во рок од 7 (седум) дена од денот на одржаната седница.

Записникот заедно со материјалите од седницата се чуваат во Архивата на МРТ.

Заверените документи од одржаната седница, членовите на Програмскиот совет ги добиваат по електронска пошта.

## IV ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА МРТ

**Член 36**

Седниците на Програмскиот совет се јавни.

На седниците на Програмскиот совет можат да присуствуваат лица вработени во МРТ, надворешни лица, како и заинтересирани организации, по претходно доставено образложено барање за присуство на седницата на Програмскиот совет, за одделна точка од дневниот ред.

**Член 37**

Работите од својата надлежност, Програмскиот совет ги врши транспарентно овозможувајќи им на сите заинтересирани субјекти увид во неговото работење.

Програмскиот совет може да организира јавни седници за да им овозможи на сите заинтересирани субјекти да ги изразат нивните ставови и мислења по однос на актуелните состојби и развојот на МРТ, како носител на јавниот радиодифузен сервис во земјата.

Сите заинтересирани субјекти и поединци може да достават свои предлози, мислења и иницијативи, како и да остварат директен контакт со Програмскиот совет и преку електронска пошта: programskisovet@mrt.com.mk.

Добиените ставови и мислења се објавуваат на интернет-страницата на МРТ.

## V. ОТЧЕТНОСТ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ

### Член 38

Програмскиот совет ја остварува отчетноста на своето работење со поднесување на годишниот извештај за работењето на МРТ до Собранието на Република Северна Македонија.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ

### Член 39

Членовите на Програмскиот совет, во согласност со нивната положба, определена со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот. Работите ги вршат заедно, според овластувањата определени со овој Деловник и според работите што им се доверени во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот.

### Член 40

Секој член на Програмскиот совет може на седница на Програмскиот совет да бара известување за состојбата на МРТ, ако известувањето е поврзано со точките на дневниот ред на Програмскиот совет.

Членот на Програмскиот совет на кој му е ускратено известувањето, во писмена форма може да ги побара неговото прашање, барање и причините поради коишто тој е лишен од известувањето, да бидат внесени во записникот од расправата.

## VII. АКТИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ

### Член 41

По прашањата од својата надлежност, Програмскиот совет донесува одлуки и заклучоци, а по потреба и други акти.

Одлуките и заклучоците на Програмскиот совет се објавуваат на интернет-страницата на МРТ и на огласната табла на МРТ.

Одлуките стапуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум или се бара објавување на одлуката.

### Член 42

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРОГРАМСКИ СОВЕТ НА МРТ — Бр.02-5143/3

Претседател Давор Пашоски — 18.08.2025г, Скопје